РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-94/2
07-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на ден 03.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-94/1 од 08.01.2025 година, со наводи за сомневање за перење пари преку проекти имплементирани во ---------------------------------- и -----------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-94/1 од 08.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-94/1 од 08.01.2025 година е оформен по поднесена пријава од страна на непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за перење пари преку исплата на високи плати на лица ангажирани во Проектот за подобрување на социјалните услуги во рамки на ------------------------------------------------------ и во Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан во рамки на ---------------------------------------. Според подносителот се работи за група од 30-40 лица кои се ангажирани во овие проекти и редовно примаат месечни плати во износ околу 2000 до 3000 евра. Подносителот посочува преку кои лица се спроведува шемата за перење на пари, а воедно посочува и дека е вклучен локален персонал на меѓународна организација - Светска банка во Скопје.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по пријавените наводи, поради што пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК